Македонија



# GS1 Здравство

## Акцент на безбедноста на пациентите и ефикасноста на синџирот на снабдување

# Трансформација на синџирот на снабдување во Здравството



Здравствените системи ширум светот се соочуваат со предизвоци кои имаат влијание врз целиот синџир на снабдување, од производителите, преку продажбата на големо, дистрибуцијата, организациите и работните групи за подобрување на услугите и подобри услови за купување на медицинска опрема и средства и провајдери на здравствени услуги.Сите се засегнати примарно со две главни прашања: подобрување на ефикасноста на процесите во синџирот на снабдување и подобрување на безбедноста на пациентите.

Регулативата продолжува да еволуира, новите регулаторни барања ќе имаат директно влијание врз синџирот на снабдување во Здравството, барајќи од учесниците во процесите да имплементираат технологии за автоматска идентификација, електронски каталог на производите, серијализација на означувањето на секое пакување или производ со единствен сериски број и системи за следливост.

Стандардите за податоци во синџирот на снабдување можат да обезбедат глобална рамка за сите учесници во процисите за исполнување на сите регулаторни и тендерски барања и надминување на сите предизвици во синџирот на снабдување во Здравството на денешнцата.

**GS1 Системот на Стандарди обезбедува глобално хармонизарана и интегрирана рамка за управување со информациите во синџир на снабдување**







# Задоволување на потребите на синџирот на снабдување во Здравството

**Грешките за безбедноста на пациентите и сѐ пвисоките трошоци во Здравството наметнаа потреба Здравствените власти, регулаторните тела и учесниците во процетите да отпочнат акција за изнаоѓање одовори и решавање на следниве предизвици:**

- **Намалување на медицинските грешки**
- **Овозможување на ефективни отповикувања на производи, навремени известувања на настаните и мониторинг на безбедноста на лековите.**
- **Зголемување на сигурноста на синџир на снабдување и борбата потив фалсификувањето**
- **Олеснување на справувањето со документацијата во Електронските Здравствени Досиеја / Електронските Медицисnки Досиеја (EHR/EMR)**
- **Оптимизација на процесите на производство и пакување**
- **Оптимизација на менаџирањето со синџирот на снабдување, вклучувајќи ги логистиката, набавките, управувањето со залихите и средствата.**

**Забележителни примери за развојот на регулативата ширум светот се:**

- **Единствена Идентификација на Помагала (UDI) и Следливост: US FDA, Global Harmonization Taskforce (GHTF), Европската Комисија, Кинеската SFDA…**
- **Серијализиран Идентификатор на Фармацевтски Производи и Следливост: US FDA, Турција, Бразил итн.**
- **GS1 DataMatrix: Франција, Кореа, Турција ит.**
- **Електронски Каталози на Производи: Австралија, NHS (В. Британија), Турција итн.**

## Дали знаете?

- 1.3 милиони пациенти подишно претрпуваат повреди и други здравствену нарушувања поради медицински грешки во САД **(Извор: The Prescription, Vol. 1, No. 1, July 2005, Medication Error Statistics)**
- Количество од 70,000 лажни лекови кои можат животи да спасат пронајдени се во Националниот Здравствен Систем во В. Британија (NHS UK) во Јуни 2007 **(Извор: Medicines and Здравство Products Regulatory Agency, UK)**
- Околу 66,000 претставки се поднесени од страна на FDA во САД, 60% за недостиг на Лот број или друг значаерн Идентификатор **(Извор: FDA)**
- Три различни (специфични барања во одредени држави) за баркодовите можат производителите да ги чинат дополнителни 38 милиони € годишно само во Европа за проценето производство од 500 милиони пакувања кои ќе задоволуваат три различни Идентификатори на пакувањата **(Извор: EFPIA)**
- Просечно еден провајдер на здравствени услуги троши 30% повеќе отколку што планира за поддршка на процесите во синџирот на снабдување.



# Поместување на границите на можностите на синџир на снабдување во Здравството

**Управување со податоците од синџирот на снабдување – Зголемување на видливоста и безбедноста во Increase Здравствениот синџир на снабдување**

- **Системи за Автоматска Идентификација & Управување со Податоците (AIDC), вклучувајќи ги бар кодовите и RFID**
- **еНабавка, овозможена преку Електронска Размена на Податоци (EDI)**
- **Електронски Каталози на Пороизводи**
- **Системи за Следливост**

# Бенефити од користењето на GS1 Системот на Стандарди



## Редукција на трошоците и комплексноста

Некои организации развиваат нивни сопствени системи за идентификација, електронски каталози на производи или сислтеми за следливост – но тие системи имаат сами интерна применливост и фунскицоналност. Истоверено, други организации користат локални решенија применливи за одреден сектор или пак една држава.

GS1 Системот на Стандарди овозможува сите учесници ефикасно и ефективно да ги исполнат разните локасни и глобални барања преку постигнување на интероперабилност и компатибилност со одредени организација, меѓу организациите и преку границите.

1. Глобални – GS1 Стандардите овозможуваат глобално единствена (уникатна) идентификација и глобална компатигилност со голем број на решенија во синџирот на снабдување.
2. Сèопфатни – Денес, во различни сектори се извршуваат преку 6 милијарди трансакции на податоци преку користење на GS1 Стандардите, со што се демонстрира нивната применливост, компатибилност и неприкосновеност.
3. Мултисекторски – Користењето на исти стандарди за идентификација и следење на производи наменети за Здравство или користење надвор од здравствениот систем обезбедува компатибилност меѓу сите учесници во процесите во Здравството и синџирот на снабдување.
4. Генерирани од корисниците – GS1 Стандардите се изградени и се одржуваат од страна на волонтери – претставници на сите делови на синџирот на снабдување од сите страни на светот.
5. Прилагодливи кон потребите – GS1 Стандардите ги задоволуваат потревите и на малите здравствени установи, болници, диспанзери, ординации, но и на големите национални или мултинационални болнички системи.



**Многу водечки организации низ целиот свет ги применуваат GS1 Стандардите за да се овозможи ефективно и ефикасно одвивање на процесите во синџирот на снабдување во здравството.**





"Имаме потреба од глобална визија: Здравството претставува глобален бизнис во кој партнерите во синџирот на снабдување разменуват стоки и информации. Глобалните стандарди се клучен фактор за усовршувањето и подобрувањето на процесите за снабдувачите".
**Dr. Meinrad Lugan, Member of the Management Board of B.Braun Melsungen AG, Germany**

"Користење на повеќе различни стандарди за каталогизирање, нарачки, фактурирање, инвентар и испорака на медицински материјали и уреди, ги зголемува трошоците и ја зголемува комплексноста на синџирот на снабдување во Здравството со што се вложуваат дополнителни напори за постигнување на ефикасност и ефектицност".
**Mike Duke, Senior Director, Supply Chain Services, VHA, Inc., USA**

"Сметаме дека е крајно време да се имплементираат GS1 Глобалните Стандарди за Синџирот на Снабдување во Здравството со што ќе се намалат вкупните трошоци во Здравството, ќе се зголеми ефикасноста на процесите во синџир на снабдување и ќе се подобри безбедноста на пациентите. партнерите во процесите во Здравството синџирот на снабдување се едногласни во оценката дека денешното Здравство се движи во вистинската насока"!
**Curtis Rooney, President of the Health Industry Group Purchasing Association (HIGPA), USA (representing 16 Group Purchasing Organisations)**

"При развојот или ревизија на бар код статегијата или измена на конфигурацијата на етикетите и пакувањата, на компаниите им се препорачува усвојување или зголемено користање на GS1 Стандардите".
**Eucomed Guidance Document, September 2007 (Eucomed represents 4,500 designers, manufacturers and suppliers of medical technology.)**

"CPSI и ISMP Canada ја прифатија имплементацијата на Глобалните GS1 Стандарди за автоматска идентификација на фармацевски производи во Канада. Проектот за баркодирање на фармацевстки производи за изведува со цел проактивно и со заедничка соработка да се засили спроведувањето на стандардите и воведе засилена контрола на безбедноста во повеќе точки истовремено…".
**Canadian Patien Safety Institute (CPSI) and Institute for Safe Medication Practices (ISMP) Canada, Press Release, November 2009**

"Усвојувањето на GS1 Стандардите ни овозможуваат подобрување и интеграција на процесите со нашите добавувачи, дистрибутери и корисници. Системот исто така овозможува и напредок во безбедноста, заштедите и ефикасноста".
**Mario Jerez, Director, Cenabast, Chile (Supply Center for the Ministry of Health in Chile)**

"Ние градиме електронски интеркониектирана здравствена средина базирана врз GS1 Стандардите. Ова ќе обезбеди можност да се оствари значителна ефикасност и заштеда на трошоците во јавниот здравствен сектор во време кога постојат значителни притисоци врз ограничените ресурси за да се задоволат сегашните и идните барања за квалитетот на услугите".
**Ken Nobbs, Program Manager – Medical Products, National E-Health Transition Authority (NETHA), Australia**

"Ние препорачуваме GS1 Системот да се користи за кодирање во Здравство, и од страна на производителите на лекови и помагала, како и од страна на NHS организациите. Оваа препорака ќе биде поддржана од координирана акција од голем број на агенции".
**Lord Hunt of Kings Heath, Former Minister of State for Quality at the Department of Health (2007), UK**

"Бордот на AHRMM и сите членки на Асоцијацијата се посветени на развојот и имплементацијата на GS1 Стандардите во Здравството бидејќи ние сме сведоци за позитивното влијание кое на стандардите за податоци го имаат врз подобрувањето на безбедноста на пациентите и ефикасноста на процесите восинџирот на снабдување. Советувам секому кој има одредена улога во процесите во синџирот на снабдување да ги прифати GS1 Стандардите во своето работење…"
**Jay Kirkpatrick, President, Association for Healhcare Resource & Materials Management, American Hospital Association**

# Како функционира GS1 Системот на Стандарди

## GS1 Стандардите – Интероперабилни градежни блокови за интегриран систем кој овозможува следливост и видливост

GS1 Системот на Стандарди претставува флексибилна архитектура која обезбедува максимална ефикасност. Изграден е врз неколку елементи.

- GS1 Идентификациските Клучеви се темелот на GS1 Системот и обезбедуваат глобално единствена идентификација на производи - GTIN (глобален Број на Трговска Единица), локации - GLN (Глобален Локациски Број), средства GIAI (Глобален Идентификациски Број на Индивидуално Средство)итн.

- GS1 Идентификациските Идентификатори претставуваат стандардизиран начин за кодирање на дополнителни информации како што се датумите, бројот на Лот/партија или сериски број итн.

- GS1 БарКодовите овозможуваат портфолио на носачи на податоци во кои се вклучени GS1-128 семејството на линеарни бар кодови, 2-димензионалните GS1 DataMatrix и други. За производителите, се исполнуваат најразлични барања и потреби: означување на различните варијатни на пакувања, количество на податоци и сл., а за корисниците носачите на податоци можат да ги понудат сите потребни информации.

- GS1 EPCglobal користи Радио-Фрекфентна Идентификациска (RFID) технологија со која се овозможува електронско кодирање на GS1 Идентификациските Клучево во Електронски Код на Производ (EPC).

- GS1 eCom овозможува Електронска Размена на Податоци при што се обезбедени јасни насоки за креирање на елекстронски верзии на сите видови на бизнис документите со Електронска Размена на Податоци, овозможувајќи јасни насоки за креирање на електронски верзии на сите видови на документи: нарачка, фактура, испратница, повратница итн. базирани врз GS1 Идентификациските Клучеви.

- GS1 Глобалната Мрежа за Синхроницација на Податоци (GDSN) им овозможува на корисниците да добиваат, одржуваат, да прават валидација и да разменуваат матични податоци на сигурен и доверлив налин преку мрежата на GDSN сертицифицираните бази на податоци. Синхронизираните податоци (вклучувајќи ги и GTIN, GLN и дефинаниот сет на атрубути на производите) ги зајакнуваат електронските каталози на производи.

- GS1 EPC Информационите Системи (EPCIS) обезбедуваат можност за влегување во трага и следење на производите во секоја точка на движењето низ синџирот на снабдување.

**Решенијата се базирани врз GS1 стандардите за синџирот на снабдување во Здравството**



## Идентификација

**GS1 Идентификациски Клучеви и Атрибути**

**Производ**
Глобален Број на Трговска Единица (GTIN)
Опционални GTIN атрибути ЛОТ број, сериски број, датуми итн.

**Локација/ Правен ентитет**
Глобален Локациски Број (GLN)

**Логистичка единица**
Сериски Код на Транспортен Контејнер (SSCC)

**Средства**
Глобален Идентификатор на Повратни Средства (GRAI)
Глобален Идентификатор на Индивидуални Средства (GIAI)

**Документ**
Глобален Идентификатор на Типот на Документи (GDTI)

## Добивање, зачувување и управување со податоци

**GS1 БарКодови и EPCglobal RFID**

**EAN/UPC**

**ITF-14**

**GS1 DataBar**

**GS1 DataMatrix**

**EPC/RFID**



**GS1-128**

## Размена на податоци

**Матични податоци**
Глобална Мрежа за Синхронизација на Податоци (GDSN)

**Трансакциски податоци**
Електронски Бизнис Пораки GS1 XML или EANCOM

**Податоци за настаните**
EPC Информационен Сервис (EPCIS)

## Поврзување на сите точки на синџирот на снабдување од производството до местото на одвивање на здравствената услуга или третман

## За GS1 и GS1 Здравство

**GS1** е неутрална, непрофирна организација посветена на дизајнирање и имплементација на глобалните стандарди и решенија со цел да се зголеми ефикасноста и видливост во синџирот на снабдување. GS1 е управувана од страна на компаниите кои реализират преку 6 милијарди трансакции дневно користејќи го GS1 Системот на Стандарди. GS1 е навистина глобална, со Организации Членки во 111 држави, со седиште во (Global Office) во Брисел, Белгија.

**GS1 Здравство** е глобална, волонтерска група на корисници од Здравствената Индустрија која го води Здравствениот сектор кон успешен развој и имплементација на глобалните стандарди за засилување на безбедноста на пациентите и ефикасноста на процесите во синџирот на снабдување. Во GS1 Здравство членуваат претставници на сите учесници во синџир на снабдување во Здравството: производители, продавачи на големо и дистрибутери, болници и аптеки. GS1 Здравство исто така одржува блиски релации со регулаторните тела и трговските организации од целиот свет.

За повеќе информации:

**www.gs1.org/Healthcare**

**GS1 Македонија**
**Директор:**
**Слаѓана Милутиновиќ**

Ул. Македонија 19
1000 Скопје
T (02) 32 54 250
F (02) 32 54 254

www.gs1mk.org.mk

Copyright © 2010 GS1 AISBL

5 310000 000326 >

Printed on FSC certified paper – Photos: fotolia, istock – Design & production: www.inextremis.be